# Службен гласник
## на Општина Штип

Службен гласник
на Општина Штип
Излегува по потреба

Број 19
19 ноември 2025 година

Година LXII


СОДРЖИНА


| Р. бр. | | страна |
|---|---|---|
| 867. | Решение за објавување на Одлука за утврдување на надоместок заради користење на јавна површина заради изведување на градежни работи на јавен пат. | 1299 |
| 868. | Одлука за утврдување на надоместок заради користење на јавна површина заради изведување на градежни работи на јавен пат. | 1299 |
| 869. | Решение за објавување на Одлука за изменување и дополнување на одлуката за користење на јавниот простор за паркирање на подрачјето на град Штип. | 1300 |
| 870. | Одлука за изменување и дополнување на одлуката за користење на јавниот простор за паркирање на подрачјето на град Штип. | 1301 |

| | | |
|---|---|---|
| 871. | Решение за објавување на Одлука за давање под закуп на недвижност-инвестициони вложувања како долгорочни средства во други објекти во Суитлак– Дино парк. | 1302 |
| 872. | Одлука за давање под закуп на недвижност - инвестициони вложувања како долгорочни средства во други објекти во Суитлак – Дино парк. | 1302 |
| 873. | Решение за објавување на Одлука за давање под закуп недвижни ствари,објекти-деловен и помошен простор. | 1305 |
| 874. | Одлука за давање под закуп недвижни ствари, објекти-деловен и помошен простор. | 1305 |
| 875. | Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства на Друштво за спортски дејности Фудбалски клуб „Брегалница 2008“ АД Штип. | 1308 |
| 876. | Одлука за одобрување финансиски средства на Друштво за спортски дејности Фудбалски клуб „Брегалница 2008“ АД Штип. | 1308 |
| 877. | Решение за објавување на Одлука за изменување на одлуката за утврдување на вредност на недвижност според зоните (макролокација). | 1309 |
| 878. | Одлука за изменување на одлуката за утврдување на вредност на недвижност според зоните (макролокација). | 1310 |
| 879. | Решение за објавување на Програма за измена на програмата за активностите на Општина Штип од областа на спортот за 2025 година. | 1311 |
| 880. | Програма за измена на програмата за активностите на Општина Штип од областа на спортот за 2025 година. | 1311 |
| 881. | Решение за објавување на Правилник за измена и дополнување на Правилник за условите, критериумите и правилата за доделување на стипендии за ученици спортисти во индивидуални спортови и ученици спортисти во екипни спортови кои учат во основните и средните училишта на подрачјето на општина штип, жители на општина Штип. | 1312 |
| 882. | Правилник за измена и дополнување на Правилник за условите, критериумите и правилата за доделување на стипендии за ученици спортисти во индивидуални спортови и ученици спортисти во екипни спортови кои учат во основните и средните училишта на подрачјето на Општина Штип, жители на општина Штип. | 1313 |
| 883. | Решение за објавување на Заклучок за давање на позитивно мислење за урбанистички проект со план за парцелација за ГП 4.01 од УПС за Три Чешми со намена на Г2, Г3 и Г4, КО Три Чешми, КО Три Чешми – вон град, | 1314 |

| | | |
|---|---|---|
| | Општина Штип. | |
| 884. | Заклучок за давање на позитивно мислење за урбанистички проект со план за парцелација за ГП 4.01 од УПС за Три Чешми со намена на Г2, Г3 и Г4, КО Три Чешми, КО Три Чешми – вон град, Општина Штип. | 1315 |
| 885. | Решение за објавување на Одлука за одобрување на финасиски средства за лекување. | 1315 |
| 886. | Одлука за одобрување на финасиски средства за лекување. | 1316 |
| 887. | Решение за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства за членарина на општина Штип за членство во „АСТЕ – асоцијација на европски текстилни колективи“. | 1317 |
| 888. | Одлука за одобрување на финансиски средства за членарина на општина Штип за членство во „АСТЕ – асоцијација на европски текстилни колективи“. | 1317 |
| 889. | Решение за објавување на Одлука за партиципирање во трошоците за доделување на зелени поени на граѓаните за користење на повратната вендинг машина. | 1318 |
| 890. | Одлука за партиципирање во трошоците за доделување на зелени поени на граѓаните за користење на повратната вендинг машина. | 1318 |
| 891. | Решение за објавување на Решение за формирање на Комисија за наградување на учениците од Општина Штип за особени постигнувања на државни и меѓународни натпревари. | 1320 |
| 892. | Решение за формирање на Комисија за наградување на учениците од Општина Штип за особени постигнувања на државни и меѓународни натпревари. | 1320 |
| 893. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај – елаборат за проценета штета од атмосферска непогода – дожд со силен ветер за ден 22 ноември 2024 година. | 1321 |
| 894. | Заклучок за усвојување на Извештај – елаборат за проценета штета од атмосферска непогода – дожд со силен ветер за ден 22 ноември 2024 година. | 1322 |
| 895. | Решение за објавување на Решение за престанок на мандат на Димитар Белиќ. | 1322 |
| 896. | Решение за престанок на мандат на Димитар Белиќ. | 1323 |

867.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОК
ЗАРАДИ КОРИСТЕЊЕ НА ЈАВНА ПОВРШИНА ЗАРАДИ ИЗВЕДУВАЊЕ
НА ГРАДЕЖНИ РАБОТИ НА ЈАВЕН ПАТ

I

Се објавува Одлука за утврдување на надоместок заради користење на јавна површина заради изведување на градежни работи на јавен пат.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 7711/2 Општина Штип
19 ноември 2025 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

868.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа „Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), а во врска со член 14 од Закон за безбеденост на сообраќајот на патиштата „Службен весник на Република Македонија” бр. 169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 302/20, 122/21, 33/24, 208/24 и 193/25) Советот на Општина Штип на седницата одржана на 18 ноември 2025 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОК ЗАРАДИ КОРИСТЕЊЕ
НА ЈАВНА ПОВРШИНА ЗАРАДИ ИЗВЕДУВАЊЕ НА
ГРАДЕЖНИ РАБОТИ НА ЈАВЕН ПАТ

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува цената по метар квадратен за користење на јавна површина заради изведување на градежни работи на јавен пат.

Член 2

Цената по метар квадратен изнесува 5 ( пет ) денари од ден за користење на јавна површина заради изведување на градежни работи на јавен пат.

Член 3

Утврдувањето на користењето на јавна површина заради изведување на гардежни работи на јавен пат ќе се изврши по претходно издадено одобрение за времена измена на режимот на сообраќајот од страна на Општина Штип.

Член 4

Утврдувањето на тоа колкава површина од јавната површина се користи заради изведување на градежени активности на јавен пат, ќе го определи комисијата која е надлежна за увид на лице место за одобрување за поставување на урбана опрема ја јавни површини која е формирана од страна на Градоначалникот на Општина Штип.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 7711/1
18 ноември 2025 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Весна Кожинкова, с.р.

869.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЈАВНИОТ ПРОСТОР ЗА ПАРКИРАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАД ШТИП

I

Се објавува Одлука за изменување и дополнување на одлуката за користење на јавниот простор за паркирање на подрачјето на град Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 7712/2
19 ноември 2025 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

870.

Врз основа на член 96 став 2 од Одлуката за комунален ред на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 16/13 и 15/21) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ бр.1/03, 18/07, 11/08, 7/09, 16/09, 4/11, 13/14, 5/21) Советот на Општина Штип на седницата одржана 18 ноември 2025 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЈАВНИОТ ПРОСТОР ЗА ПАРКИРАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАД ШТИП

Член 1

Во Одлуката за користење на јавниот простор за паркирање на подрачјето на Град Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 11/18, 7/19, 2/21 , 15/21, 18/22,6/23 и 10/24 ), табелата за Зона А од член 4 се дополнува и гласи:

По реден број 23 се додава нов реден број 24 кој гласи:

Улица „Д-р.Слободан Јовановски“ пред ОЈДУГ „Астибо“ :

- под $60^{o}$ – 19 паркинг места и
- надолжно – 14 паркиниг места

Во член 17 став 1 се менува и гласи:

„На закупените паркинг места од член 12 на оваа одлука дозволено е да се постави паркинг блокатор со кој ќе се овозможи непречено користење на паркинг местото од страна на правното лице“.

Оваа Предлог - Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 7712 /1
18 ноември 2025 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

871.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП НА НЕДВИЖНОСТ - ИНВЕСТИЦИОНИ ВЛОЖУВАЊА КАКО ДОЛГОРОЧНИ СРЕДСТВА ВО ДРУГИ ОБЈЕКТИ ВО СУИТЛАК – ДИНО ПАРК

I

Се објавува Одлука за давање под закуп на недвижност - инвестициони вложувања како долгорочни средства во други објекти во Суитлак – Дино парк.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 7713/2
19 ноември 2025 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

872.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02 и ,,Службен весник на РСМ“ број 202/24) член 3 од закон за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите општинска сопственост („Службен весник на РМ“ број 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18, ,,Службен весник на РМ“ број 101/19, 275/19, 122/21 и 193/25) и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11,13/14 и 05/21), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 18 ноември 2025 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП НА НЕДВИЖНОСТ - ИНВЕСТИЦИОНИ ВЛОЖУВАЊА КАКО ДОЛГОРОЧНИ СРЕДСТВА ВО ДРУГИ ОБЈЕКТИ ВО СУИТЛАК – ДИНО ПАРК

Член 1

Со оваа Одлука се дава под закуп недвижност и тоа:

1. Инвестициони вложувања како долгорочни средства во други објекти во Суитлак – Дино парк вршени во текот на 2025 година на КП 8598 КО Штип 4 мв ,,Суитлак" (понатаму во текстот – објект), во согласност со одобрение број Уп. Бр. 20/25 – 129 од 21.03.2025 година издадено од Општина Штип.

Член 2

Пазарната вредност на недвижната ствар е утврдена со Извештај за проценка на пазарна вредност бр. 09-7469/2 од 11.11.2025 година, изработен од Овластен проценител, согласно Методологијата за процена на пазарна вредност и истата изнесува:

1. За недвижна ствар опишана во Член 1, точка 1 од оваа Одлука - Инвестициони вложувања како долгорочни средства во други објекти во Суитлак – Дино парк , согласно изготвениот извештај за процена на пазарна вредност на недвижност, запишана во имотен лист број 100082 за КО Штип 4 на КП 8598, изнесува 50.214.600 денари.

Висината на почетната месечна закупнина изнесува 251.073,00 денари, односно 0,5% од проценетата вредност на објектот.

Објектот од член 1 точка 1, од оваа Одлука се издава под закуп за период од 15 (петнаесет) години.

Член 3

Давањето под закуп на објектот од член 1 точка 1, од оваа Одлука ќе се изврши по пат на јавно наддавање согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и стварите во општинска сопственост.

Член 4

Право на учество на јавното наддавање ќе има секое физичко или правно лице согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и стварите во општинска сопственост.

Член 5

Објектот се дава под закуп со намена Дино парк, во кој идниот закупец има обврска да го обезбедува 24 часа/7 дена во неделата, да одржува постојана хигиена на целата површина на објектот или да си обезбеди фирма, која ќе се грижи за постојаната чистота на објектот и да ги одржува сите реквизити во објектот постојано во исправна состојба.

Член 6

Закупецот има обврска, во рок од шест месеци од потпишување на договорот да ги изврши следниве инвестициони вложувања во објектот:

Да обезбеди простор за храна и пијалоци со тоалети за јавна употреба на посетителите на паркот, маси и столчиња;

Да обезбеди простор за пијалоци со маси и столчиња;

Да набави специјализирани колички во вид на диносауруси кои ќе работат со надворешна батерија, наменети за деца, минимум 10 броја;

Да го обезбеди просторот со минимум десет камери и да обезбеди мониторинг соба;

Да инвестира во објектот најмалку еднаш годишно со набавка на нови реквизити.

Закупецот има обврска, во објектот веднаш после потпишувањето на договорот да ги изврши следниве работи:

Да наплаќа влезници, согласно позитивната законска регулатива и да воведе електронска евиденција при влез на посетителите;

Да организира забавна програма во текот на летниот период еднаш неделно, а во текот на зимскиот период еднаш месечно;

Да ангажира аниматор за групна посета на објектот.

Член 7

Цената на билетите за групи од минимум четири лица не смее да биде повеќе од 100,00 денари по лице.

Цената на билетот за индивидуална посета не смее да биде повеќе од 150,00 денари по лице.

Закупецот има обврска да направи специјални понуди за поголеми групи.

Член 8

Идниот закупец избран на јавниот повик како најповолен има обврска да ги преземе броилата на објектот и да ги покрива сите режиски трошоци.

Член 9

Правото на учество, критериумите, начинот на плаќање и другите услови за закуп на објектот ќе бидат утврдени од страна на комисијата формирана од градоначалникот и истите ќе бидат објавени во јавниот оглас.

Член 10

Доколку постапката за закуп во првиот обид е неуспешна, постапката ќе се повтори согласно законските одредби.

За спроведената постапка за закуп на објектот, комисијата ќе достави извештај до Советот на Општина Штип.

Член 11

По извршениот избор на најповолен понудувач, градоначалникот на Општина Штип ќе склучи договор со кој ќе се утврдат меѓусебните права и обврски за закуп на објекот.

Договорот за закуп подлежи на солемнизација пред нотар избран од закупецот на негова сметка.

Член 12

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 7713/1 Совет на Општина Штип
18 ноември 2025 година Претседател,

Ш т и п Весна Кожинкова, с.р.

873.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП
НЕДВИЖНИ СТВАРИ, ОБЈЕКТИ-ДЕЛОВЕН И ПОМОШЕН ПРОСТОР

I

Се објавува Одлука за давање под закуп недвижни ствари, објекти-деловен и помошен простор.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 7714/2 Општина Штип
19 ноември 2025 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

874.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02 и ,,Службен весник на РСМ“ број 202/24) член 3 од закон за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите општинска сопственост („Службен весник на РМ“ број 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18, ,,Службен весник на РМ“ број 101/19, 275/19, 122/21 и 193/25) и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09,

04/11,13/14 и 05/21), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 18 ноември 2025 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП НЕДВИЖНИ
СТВАРИ, ОБЈЕКТИ– ДЕЛОВЕН И ПОМОШЕН ПРОСТОР

Член 1

Со оваа Одлука се даваат под закуп недвижни ствари објекти – деловен и помошен простор сопственост на Општина Штип, имотен лист бр.99983 од 07.11.2025 година, кој се наоѓа во населба „Баби" - Штип на КП 1469/1, КО Штип 2 и тоа:

1. Објект со број на зграда 1, намена Д3 сд2, влез 1, кат ПР, намена на посебен дел ДП, со внатрешна површина 52м2.

2. Објект со број на зграда 2, намена ПО, влез 1, кат ПР, намена на посебен дел П, со внатрешна површина 2м2.

Член 2

Пазарната вредност на недвижните ствари - објекти е утврдена со Извештај за проценка на пазарна вредност бр.17 – 7486/1 од 11.11.2025 година, изработен од Овластен проценител , согласно Методологијата за процена на пазарна вредност и истата изнесува:

За објект опишан во член 1, точка 1 од оваа Одлука – 35 146 евра или 2 161 528 денари,

за објект опишан во член 1, точка 2 од оваа Одлука – 395 евра или 24 292 денари,

или Вкупна утврдена пазарна вредност – 2 185 820 денари.

Висината на почетната месечна закупнина изнесува 10 929 денари, односно 0,5% од проценетата вредност на недвижните ствари.

Објектите – Деловниот и помошен простор од член 1 од оваа Одлука се издава под закуп за период од 10 (десет) години.

Член 3

Давањето под закуп на Објектите – Деловниот и помошен простор од член 1 од оваа Одлука ќе се изврши по пат на јавно наддавање согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и стварите во општинска сопственост.

Член 4

Право на учество на јавното наддавање ќе има секое физичко или правно лице, кое ќе поднесе доказ дека поседува најмалку три години искуство во дејноста 10.2 спортско здружение и доказ од кое може да се утврди дека подносителот на пријавата има претходно искуство во спортот – фудбал.

Член 5

Најповолниот понудувач, со договорот за закуп ќе биде обврзан да набави и постави: нова вештачка трева, голови со мрежа, ограда, да изврши реконструкција на теренот и соблекувалните и да обезбеди паркинг простор за возилата.

Идниот закупец има обврска да ги обезбедува објектите и да одржува постојана хигена.

За извршената инвестиција, закупецот има обврска да достави финансиски извештај до Општина Штип.

Член 6

Идниот закупец избран на јавниот повик како најповолен има обврска да ги преземе броилата на објектите и да ги покрива сите режиски трошоци.

Член 7

Правото на учество, критериумите, начинот на плаќање и другите услови за закуп на деловниот простор ќе бидат утврдени од страна на комисијата формирана од градоначалникот и истите ќе бидат објавени во јавниот оглас.

Член 8

Доколку постапката за закуп во првиот обид е неуспешна, постапката ќе се повтори согласно законските одредби.

За спроведената постапка за закуп на деловниот простор, комисијата ќе достави извештај до Советот на Општина Штип.

Член 9

По извршениот избор на најповолен понудувач, градоначалникот на Општина Штип ќе склучи договор со кој ќе се утврдат меѓусебните права и обврски за закуп на деловниот простор.

Договорот за закуп подлежи на солемнизација пред нотар избран од закупецот на негова сметка.

Член 10

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 7714 /1
18 ноември 2025 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

875.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НА ДРУШТВО ЗА СПОРТСКИ ДЕЈНОСТИ ФУДБАЛСКИ КЛУБ „БРЕГАЛНИЦА 2008“ АД ШТИП

I

Се објавува Одлука за одобрување финансиски средства на Друштво за спортски дејности Фудбалски клуб „Брегалница 2008“ АД Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 7715/2
19 ноември 2025 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

876.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 18 ноември 2025 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НА ДРУШТВО ЗА СПОРТСКИ ДЕЈНОСТИ ФУДБАЛСКИ КЛУБ „БРЕГАЛНИЦА 2008 АД“-ШТИП

Член 1

Се одобруваат финансиски средства на Друштво за спортски дејности Фудбалски клуб „Брегалница 2008 АД”-Штип, за тековната 2025 година во висина до 6.000.000,00 денари.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2025 година.

Член 3

Се задолжува субјектот од член 1 на оваа Одлука да поднесе извештај за одобрените финансиски средства.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08 – 7715 /1
18 ноември 2025 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

877.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТ НА НЕДВИЖНОСТ СПОРЕД
ЗОНИТЕ (МАКРОЛОКАЦИЈА)

I

Се објавува Одлука за изменување на одлуката за утврдување на вредност на недвижност според зоните (макролокација).

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 7716/2
19 ноември 2025 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

878.

Врз основа на член 21 став 1 точка 35 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09 и 04/11), а во врска со член 16 од Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот („Службен весник на РМ" број 54/12, 17/13 и 21/13), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 18 ноември 2025 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТ НА НЕДВИЖНОСТ СПОРЕД ЗОНИТЕ (МАКРОЛОКАЦИЈА)

член 1

Член 4 од одлуката за утврдување на вредноста на недвижности според зоните (макролокација) број 08 – 8109/1 од 20 декември 2024 година објавена во службен гласник на Општина Штип број 17/24 од 20.12.2024 се менува и гласи:

,,Макролокацијата за станбени куќи, станбени згради, деловни згради, деловни простории, административни згради и административни простории, згради и станови за одмор и рекреација во населбите „Сењак 1, 2, 3, 4", „Пребек"- до Обиколница по ГУП, Индустриски дел- Пребек, „Исар" горен дел, „Ново село" долен дел, „Радански пат", се утврдува како имот во зона 6 и изнесува 350 евра по м$^2$ функционална површина”.

член 2

Во член 7 од одлуката за утврдување на вредноста на недвижности според зоните (макролокација) број 08 – 8109/1 од 20 декември 2024 година објавена во службен гласник на Општина Штип број 17/24 од 20.12.2024 се менува и гласи:

,,Макролокацијата за станбени куќи, станбени згради, деловни згради, деловни простории, административни згради и административни простории, згради и станови за одмор и рекреација – диви градби спрема „Св. Недела", населба „Брегалничка", населба „Балканска", населба „Македонка", „Кумлак"- погранцица на ГУП се утврдува како имот во зона 10 и изнесува 150 евра по м$^2$ функционална површина”

Член 3

Оваа Одлука стапува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 7716 /1 Совет на Општина Штип
18 ноември 2025 година Претседател,

Ш т и п Весна Кожинкова, с.р.

879.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ШТИП ОД ОБЛАСТА НА СПОРТОТ ЗА 2025 ГОДИНА

I

Се објавува Програма за измена на програмата за активностите на Општина Штип од областа на спортот за 2025 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 7717/2  
19 ноември 2025 година  
Ш т и п

Општина Штип  
Градоначалник  
Иван Јорданов, с.р.

880.

Врз основа на член 22-а став 2 од Закон за спортот („Службен весник на РМ“ број 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 06/16, 55/16, 61/16, 106/16, и 190/16 и „Службен весник на РМ“ број 98/19 и 244/19), член 22 точка 6 и 13 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” број 05/02) и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 18 ноември 2025 година, донесе

ПРОГРАМА
ЗА ИЗМЕНА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИ НА ОПШТИНА ШТИП ОД ОБЛАСТА НА СПОРТОТ ЗА 2025 ГОДИНА

**I**

Во Програмата за активности на Општина Штип од областа на спортот за 2025година, („Службен гласник Општина Штип” број 17/24), во делот ФИНАНСИРАЊЕ во точка **I.Распоредување на буџетските средства** во табелата број 2,во точката под реден број 1. Подршка на спортски екипи и спортски

сојузи, износот на средствата „17.300.000,00“ денари се менува со „25.000.000,00“денари.

**II**

Во Програмата за активности на Општина Штип од областа на спортот за 2025година, („Службен гласник Општина Штип” број 17/24), во делот ФИНАНСИРАЊЕ во точка **I.Распоредување на буџетските средства** во табелата број 2,во точката под реден број 5. Електрична енергија за Општинските фудбалски стадиони, износот на средствата „1.250.000,00“ денари се менува со „1.500.000,00“денари.

**III**

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08 – 7717 /1
18 ноември 2025 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

881.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИК ЗА УСЛОВИТЕ, КРИТЕРИУМИТЕ И ПРАВИЛАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИИ ЗА УЧЕНИЦИ СПОРТИСТИ ВО ИНДИВИДУАЛНИ СПОРТОВИ И УЧЕНИЦИ СПОРТИСТИ ВО ЕКИПНИ СПОРТОВИ КОИ УЧАТ ВО ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ШТИП, ЖИТЕЛИ НА ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Правилник за измена и дополнување на Правилник за условите, критериумите и правилата за доделување на стипендии за ученици спортисти во индивидуални спортови и ученици спортисти во екипни спортови кои учат во основните и средните училишта на подрачјето на општина штип, жители на општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 7718/2
19 ноември 2025 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

882.

Врз основа на член 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 18 ноември 2025 година, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИК ЗА УСЛОВИТЕ, КРИТЕРИУМИТЕ И ПРАВИЛАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИИ ЗА УЧЕНИЦИ СПОРТИСТИ ВО ИНДИВИДУАЛНИ СПОРТОВИ И УЧЕНИЦИ СПОРТИСТИ ВО ЕКИПНИ СПОРТОВИ КОИ УЧАТ ВО ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ШТИП, ЖИТЕЛИ НА ОПШТИНА ШТИП

член 1

Во Правилникот за условите, критериумите и правилата за доделување на стипендии за ученици спортисти во индивидуални спортови и ученици спортисти во екипни спортови кои учат во основните и средните училишта на подрачјето на општина штип, жители на општина Штип („Службен гласнк на Општина Штип" број 05/25),

член 9, алинеа два се менува и гласи: ,,Предлогот за доделување на стипендии со изготвена ранг – листа се објавува на огласна табла и веп – страната на општина Штип, Учениците кои аплицирале за стипендија имаат право да поднесат приговор до Комисијата, во рок од 5 (пет) дена по објавувањето на бодовните ранг-лист''.

член 2

член 10 се менува и гласи:

,,Градоначалникот на Општина Штип ја доставува ранг листата на Комисијата, до советот на Општина Штип, да донесе одлука.

По доделувањето на стипендијата градоначалникот склучува договор за стипендирање, со кој се утврдуваат правата и обврските на корисникот и давателот на стипендијата.

Комисијата ги известува подносителите чии пријави се прифатени.

Комисијата ги известува и подносителите чии пријави се отфрлени како некомплетни, ненавремени и кои не ги исполнуваат критериумите утврдени согласно член 11 и член 12''.

член 3

Во член 15, по точка четири, се додава нова точка пет која гласи:

- ,,не продолжи да спортува (го прекине спортот)’’.

Член 2

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08 – 7718 /1
18 ноември 2025 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Весна Кожинкова, с.р.

883.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА ДАВАЊЕ НА ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ ЗА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ГП 4.01 ОД УПС ЗА ТРИ ЧЕШМИ СО НАМЕНА НА Г2, Г3 И Г4, КО ТРИ ЧЕШМИ, КО ТРИ ЧЕШМИ – ВОН ГРАД, ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Заклучок за давање на позитивно мислење за урбанистички проект со план за парцелација за ГП 4.01 од УПС за Три Чешми со намена на Г2, Г3 и Г4, КО Три Чешми, КО Три Чешми – вон град, Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 7719/2
19 ноември 2025 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
Иван Јорданов, с.р.

884.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Штип (Службен гласник на Општина Штип бр. 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/20) Советот на Општина Штип на седницата одржана на 18 ноември 2025 година, донесе

З А К Л У Ч ОК
ЗА ДАВАЊЕ НА ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ ЗА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ГП 4.01 ОД УПС ЗА ТРИ ЧЕШМИ СО НАМЕНА Г2, Г3 И Г4, КО ТРИ ЧЕШМИ, КО ТРИ ЧЕШМИ – ВОНГРАД, ОПШТИНА ШТИП

I

Се дава позитивно мислење за изработка на следната урбанистичка документација:

- УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ГП 4.01 ОД УПС ЗА ТРИ ЧЕШМИ СО НАМЕНА Г2, Г3 И Г4, КО ТРИ ЧЕШМИ, КО ТРИ ЧЕШМИ – ВОНГРАД, ОПШТИНА ШТИП

II

Овој заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“

Број 08 – 7719/1 Совет на Општина Штип
18 ноември 2025година Претседател

Ш т и п Весна Кожинкова, с.р.

885.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ЛЕКУВАЊЕ

I

Се објавува Одлука за одобрување на финасиски средства за лекување.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 7720/2
19 ноември 2025 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

886.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 18 ноември 2025 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ЛЕКУВАЊЕ

Член 1

Се одобруваат финансиски средства за лекување на

- Богица Каева во висина од 3.000,00 денари,
- Мирјана Стојчева во висина од 3.000,00 денари,
- Јелка Рибарска во висина од 3.000,00 денари,
- Светлана Глигорова во висина од 3.000,00 денари,
- Билјана Џамбазова во висина од 3.000,00 денари,
- Снежана Јанева во висина од 3.000,00 денари,
- Васко Попадинов во висина од 3.000,00 денари,
- Ванчо Апостолов во висина од 3.000,00 денари,
- Митко Костов во висина од 3.000,00 денари.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2025 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08 –7720 /1
18 ноември 2025 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

887.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ЧЛЕНАРИНА НА ОПШТИНА ШТИП ЗА ЧЛЕНСТВО ВО „АСТЕ – АСОЦИЈАЦИЈА НА ЕВРОПСКИ ТЕКСТИЛНИ КОЛЕКТИВИ“

I

Се објавува Одлука за одобрување на финансиски средства за членарина на општина Штип за членство во „АСТЕ – асоцијација на европски текстилни колективи“.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 7721/2 Општина Штип
19 ноември 2025 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

888.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 18 ноември 2025 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ЧЛЕНАРИНА НА ОПШТИНА ШТИП ЗА ЧЛЕНСТВО ВО „АСТЕ – АСОЦИЈАЦИЈА НА ЕВРОПСКИ ТЕКСТИЛНИ КОЛЕКТИВИ“

Член 1

Се одобруваат финансиски средства во висина од 1.400,00 Евра на име членарина на Општина Штип за членство во „АСТЕ - Асоцијација на европски текстилни колективи“.

Член 2

Средствата за кофинансирачко учество од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2025 година.

Член 3

Оваа Одлука стапува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 7721 /1 Совет на Општина Штип
18 ноември 2025 година Претседател,

Ш т и п Весна Кожинкова, с.р.

889.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ПАРТИЦИПИРАЊЕ ВО ТРОШОЦИТЕ
ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНИ ПОЕНИ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ
НА ПОВРАТНАТА ВЕНДИНГ МАШИНА

I

Се објавува Одлука за партиципирање во трошоците за доделување на зелени поени на граѓаните за користење на повратната вендинг машина.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 7722/2 Општина Штип
19 ноември 2025 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

890.

Врз основа на член 21 став 1 точка 25 и член 46 од Статутот на Општина Штип(„Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 18 ноември 2025 година, донесе

# ОДЛУКА
# ЗА ПАРТИЦИПИРАЊЕ ВО ТРОШОЦИТЕ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНИ ПОЕНИ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПОВРАТНАТА ВЕНДИНГ МАШИНА

Член 1

Општина Штип ќе партиципира во трошоците за доделување на зелени поени на граѓаните за користење на повратната вендинг машина со годишен паричен износ од 500.000,00 денари (петсто илјади денари) од Буџетот на Општина Штип за 2025 година.

Општина Штип нема обврска да го трансферира вкупниот износ од став 1 на овој член, туку истото ќе го направи врз основа на реално остварени зелени поени, за што од страна на ПАКОМАК ДОО Скопје ќе биде доставена соодветна финасиска документација.

Член 2

Паричниот износ општина Штип ќе го исплаќа по доставен извештај.

Член 3

Доколку вкупниот паричен износ за финансирање на вредноста на зелени поени доделени на годишно ниво, го надмине износот од 500.000,00 денари субвенциониран од страна на општина Штип, ПАКОМАК ДОО Скопје ќе го преземе финансирањето на зелените поени во вкупен износ од 1 денар, до истекот на дванаесет месеци, при што општина Штип ќе уплати една половина од износот финансиран од „ПАКОМАК“ ДОО Скопје по доставена фактура и спецификација за вкупниот број на доделени зелени поени за период во кој ПАКОМАК ДОО Скопје го има преземено финансирањето на зелени поени во вкупен износ.

Член 4

Се овластува градоначалникот на општина Штип за соработката по основ на оваа одлука да склучи посебен договор со ПАКОМАК ДОО СКОПЈЕ.

Член 5

Оваа одлука стапува во сила наредниот ден од денот, на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 7722 /1
18 ноември 2025 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

891.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КОМИСИЈА ЗА НАГРАДУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОПШТИНА ШТИП ЗА ОСОБЕНИ ПОСТИГНУВАЊА НА ДРЖАВНИ И МЕЃУНАРОДНИ НАТПРЕВАРИ

I

Се објавува Решение за формирање на Комисија за наградување на учениците од Општина Штип за особени постигнувања на државни и меѓународни натпревари.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 7723/2 Општина Штип
19 ноември 2025 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

892.

Врз основа на член 21 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Штип ( „Службен гласник на општина Штип“ број 01/03, 18/07...05/21) и член 12 став 1 и 2 од Правилникот за наградување на ученици од Општина Штип за особени постигнувања на државни и меѓународни натпревари ( Службен гласник на Општина Штип “ број 05/22), Советот на Општина Штип на седница одржана на 18 ноември 2025 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КОМИСИЈА ЗА НАГРАДУВАЊЕ
НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОПШТИНА ШТИП ЗА ОСОБЕНИ ПОСТИГНУВАЊА
НА ДРЖАНИ И МЕЃУНАРОДНИ НАТПРЕВАРИ

1. Се формира комисија за наградување на ученици од Општина Штип за особени постигнувања на државни и меѓународни натпревари.
2. За членови на комисијата за наградување на ученици од Општина Штип за особени постигнувања на државни и меѓународни натпревари се именуваат:
   - Васка Тулиева Бицевска – член на Совет на Општина Штип;
   - Добрила Черќезова- член на Совет на Општина Штип;

- Снежана Санева – претставник од општинската администрација, раководител на Сектор;
- Соња Николова –претставник од општинската администрација, раководител на Одделение;
- Кирил Барбареев -истакнат педагошки работник;
- Никица Давкова- наставник по математика од ООУ „Димитар Влахов“- Штип -од редот на наставници чии ученици имаат освојувано награди на државен натпревар;
- Марија Максимова-наставник по Пијано од ДМУЦ „Сергеј Михајлов“- Штип;

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 7723 /1 Совет на Општина Штип
18 ноември 2025 година Претседател

Ш т и п Весна Кожинкова, с.р.

893.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ – ЕЛАБОРАТ ЗА ПРОЦЕНЕТА ШТЕТА ОД АТМОСФЕРСКА НЕПОГОДА – ДОЖД СО СИЛЕН ВЕТЕР ЗА ДЕН 22 НОЕМВРИ 2024 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучок за усвојување на Извештај – елаборат за проценета штета од атмосферска непогода – дожд со силен ветер за ден 22 ноември 2024 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 7724/2 Општина Штип
19 ноември 2025 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

894.

Врз основа на член 49 став 1 и член 21 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), а во врска со член 143 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на РМ” број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18, „Службен весник на РСМ“ 215/21 и 124/25), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 18 ноември 2025 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ – ЕЛАБОРАТ ЗА ПРОЦЕНЕТА ШТЕТА
ОД АТМОСФЕРСКА НЕПОГОДА – ДОЖД СО СИЛЕН ВЕТЕР ЗА ДЕН
22 НОЕМВРИ 2024 ГОДИНА

I

Се усвојува Извештај – елаборат за проценета штета од атмосферска непогода – дожд со силен ветер за ден 22 ноември 2024 година.

II

Се задолжува Комисијата за процена и утврдување на штети од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи да го достави усвоениот извештај за утврдената штета до Комисијата за процена и утврдување на висината на штетата настаната од природни непогоди и други несреќи при Владата на РСМ.

III

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08 – 7724/1
18 ноември 2025 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

895.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ПРЕСТАНОК НА МАНДАТ НА ДИМИТАР БЕЛИЌ

I

Се објавува Решение за престанок на мандат на Димитар Белиќ.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип".

Број 09- 7725/2 Општина Штип
19 ноември 2025 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

896.

Врз основа на член 44 од законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (Службен весник на РМ број 12/2019), член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21) и член 36 од Деловникот за работа на Советот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 07/05), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 18 ноември 2025 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ПРЕСТАНОК НА МАНДАТ
НА ДИМИТАР БЕЛИЌ

Член 1

На Димитар Белиќ избран член на училишен одбор на Гимназија „Славчо Стојменски"-Штип, му престанува мандатот поради оставка.

Член 2

Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип".

Број 08 – 7725/1 Совет на Општина Штип
18 ноември 2025 година Претседател

Ш т и п Весна Кожинкова, с.р.